Влада на Република Северна Македонија

| НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА (ОБРАЗЛОЖЕНИЕ): | TITULLI I INFORMACIONIT dhe PËRMBAJTJA (ARSYETIM): |
|---|---|
| **Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година**<br><br>**1. Надлежности и состав на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите**<br><br>Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (ИРГ) е формирана со Одлуки на Владата на Република Северна Македонија бр.44-4277/1 на 15.08.2017, бр. 44-2844/1 од 27.03.2018 и бр.45-5955/1 од 20.08.2019 година и Решенија за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 од 20.08.2017, бр.44-2844/2 од 27.03.2018, бр.45-5955/2 од 20.08.2019, бр.40-538/1 од 11.05.2021 и 41-6571/1 од 20.09.2022 година.<br>ИРГ е составена од 25 члена назначени од Владата, од кои 12 членови од редот на вработените во органите на државна управа: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за | **Informacion mbi punën e Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat për vitin 2022**<br><br>**1. Kompetencat dhe përbërja e Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat**<br><br>Grupi Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat (GNR) është themeluar me vendim të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 44-4277/1, më datë 15.08.2017, nr. 44-2844/1, datë 27.03.2018 dhe nr. 45-5955/1 datë 20.08.2019 dhe Aktvendimet për emërimin e anëtarëve të Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor nr. 44-4277/2 datë 20.08.2019. 44-2844/2 nga dt. 27.03.2018, nr. 45-5955/2 nga dt. 20.08.2019, nr. 40-538/1 nga data 11.05.2021 nr.41-6571/1 nga data 20.09.2022.<br><br>GNR përbëhet nga 25 anëtarë të emëruar nga Qeveria, nga të cilët 12 anëtarë janë punonjës të organeve të administratës shtetërore: Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, Ministria e Punëve të Brendshme, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së |

| | |
|---|---|
| земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за одбрана, Министерство за образование и наука, Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, претставници на организациите на работодавачи, синдикатите, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и експерти. | Ujërave, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës. Ministria e Financave, Ministria e Shëndetësisë, Ministria e Ekonomisë, Ministria e Mbrojtjes, Ministria e Arsimit dhe Shkencës, Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Zyra e Zëvendëskryeministrit, përgjegjëse për çështjet ekonomike dhe koordinimin e resorëve të ekonomisë, përfaqësuesit e organizatave të punëdhënësve, sindikatat, Bashkësia e Njësive të Vetëqeverisjes Lokale, organizatat e regjistruara sipas Ligjit për shoqatat dhe fondacionet dhe ekspertët. |
| ИРГ, согласно член 3 од Одлуката за формирање на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги има следните задачи: го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања; учествува во подготовката и дава насоки во процесот на | GNR, sipas nenit 3 të Vendimit për krijimin e Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat i ka këto detyra: e promovon konceptin e përfshirjes së aspekteve gjinore në politikat e përgjithshme të të gjitha institucioneve publike; monitoron integrimin e konceptit në politikat sektoriale në bashkëpunim me partnerët socialë dhe institucionet nga fusha të veçanta; monitoron ecurinë e harmonizimit të legjislacionit kombëtar me legjislacionin e Bashkimit Evropian dhe standardet evropiane në fushën e çështjeve gjinore; merr pjesë në përgatitjen dhe jep udhëzime në procesin e përgatitjes së Strategjisë për Barazi Gjinore; i monitoron raportet |

| | |
|---|---|
| подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; ги следи периодичните извештаи од институциите. | periodike të institucioneve. |
| Стручно-административните работи на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги врши Министерството за труд и социјална политика. | Punët profesionale-administrative të Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Burra dhe Gra i kryen Ministria e Punës dhe Politikës Sociale. |
| **2. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Интер ресорска советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите** | **2. Seancat e zhvilluara dhe materialet e shqyrtuara të Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat** |
| ИРГ во текот на 2022 година одржа три седници.<br>Во текот на 2022 година, ИРГ ги разгледа следниве акти, материјали и информации:<br>- Програма за работа на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и жените за 2022: | GNR mbajti tre seanca gjatë vitit 2022.<br>Gjatë vitit 2022, GNR mori në shqyrtim aktet, materialet dhe informacionet e mëposhtme:<br>- Programi i punës i Grupit Ndër-Resorsial Konsultativ dhe Këshillimor për mundësi të barabarta për gratë dhe vajzat për vitin 2022: |
| Програмата е насочена кон ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики, преку развивање насоки за подобрувања на институционалните/организациски аспекти за воведување на родовата перспектива и насоки за одговор на предизвиците за унапредување на положбата на жените и родовата еднаквост. | Programi synon ndikimin efikas dhe efektiv të politikave qeveritare dhe sektoriale, duke zhvilluar udhëzime për përmirësime në aspektet institucionale/organizative për prezantimin e perspektivës gjinore dhe udhëzime për t'iu përgjigjur sfidave të avancimit të pozitës së gruas dhe barazisë gjinore. |

| | |
|---|---|
| Во поглед на секторските/програмските политики, ИРКСГ ќе се фокусира на следење и влијание врз процесот на утврдување на владините приоритети за 2022 година и обезбедување родово одговорни политики со јасно формулирани специфични цели, мерливи резултати и соодветни мерки за решавање на најгорливите предизвици во одделни области во плановите и буџетите на одделните ресори, кои се идентификувани врз основа на спроведени анализи. Во рамките на овие активности се предвидува спроведување на консултативни процеси со високи претставници од извршната власт и специфични тематски седници со учество на поширока група релевантни актери.<br><br>- Разгледување на Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2022:<br>ИРГ е составена од четири работни групи во различни области кои ја разгледаа програмата. Донесен е заклучок членовите на ИРГ да издвојат приоритетни предлози во подготовката на стратешките документи во институциите и законите, со што како членови ќе дадат свој придонес во унапредување на родовата еднаквост.<br>- Информација Ресурсниот центар за креирање на политики и родово одговорно буџетирање во соработка со UN | Për sa i përket politikave sektoriale/programore, GNRKK do të fokusohet në monitorimin dhe ndikimin në procesin e përcaktimit të prioriteteve të qeverisë për vitin 2022 dhe sigurimin e politikave të përgjegjshme gjinore me qëllime specifike të formuluara qartë, rezultate të matshme dhe masa të përshtatshme për adresimin e sfidave më të ngutshme në fusha individuale në planet dhe buxhetet e departamenteve individuale. të cilat janë identifikuar në bazë të analizave të kryera. Në kuadër të këtyre aktiviteteve parashikohet zbatimi i proceseve konsultative me përfaqësues të lartë nga pushteti ekzekutiv dhe sesione tematike specifike me pjesëmarrjen e një grupi më të gjerë aktorësh përkatës.<br><br>- Shqyrtimi i Programit të Punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022:<br>GNR përbëhet nga katër grupe pune në fusha të ndryshme që kanë shqyrtuar programin. U arrit konkluzioni që anëtarët e GNR-së të veçojnë propozimet prioritare në përgatitjen e dokumenteve strategjike në institucione dhe ligje, kështu që si anëtarë do të japin kontributin e tyre në promovimin e barazisë gjinore.<br>- Informacion Qendra Burimore për Politikëbërje dhe Buxhetim të Përgjegjshëm Gjinor në bashkëpunim me UN Women: |

| | |
|---|---|
| - Информацијa за Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање ќе обезбедува експертска поддршка, добри практики, истражување, ресурси, и обуки за градење на капацитетите на државните службеници во Република Северна Македонија во областа на родово одговорното буџетирање. Работата на овој центар главно ќе се фокусира на поддршка во планирањето, управувањето и вклучувањето на родовата компонента во јавните финансии, администрацијата, стратешкото планирање и креирање на политики . | Qendra Burimore do të ofrojë mbështetje eksperte, praktika të mira, hulumtime, burime dhe trajnime për ngritjen e kapaciteteve të nëpunësve shtetëror në Republikën e Maqedonisë së Veriut në fushën e buxhetimit të përgjegjshëm gjinor. Puna e kësaj qendre do të fokusohet kryesisht në mbështetjen në planifikim, menaxhim dhe përfshirje të komponentit gjinor në financat publike, administratën, planifikimin strategjik dhe politikëbërjen. |
| - Разгледување на работниот текст на Законот за родова еднаквост и ги даде следниве забелешки:<br>• Во рамките на Министерство за труд и социјална политика да функционира одделение за родова еднаквост;<br>• Во однос на координаторите во помалите општини под 20 илјади жители, попрецизно да се дефинираат критериумите околу изборот за координатор за родова еднаквост, капацитетот на општината . Координаторот да има систематизирано место во институцијата каде што ќе ја врши само задачата од само задачата од областа за родова еднаквост. Во МВР и МНР не се административни службеници туку јавни службеници на кој | - Shqyrtoi tekstin punues të Ligjit për Barazi Gjinore dhe bëri vërejtjet në vijim:<br>• Një departament për barazi gjinore duhet të funksionojë në kuadër të Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale;<br>• Sa i përket koordinatorëve në komunat më të vogla nën 20 mijë banorë, të përcaktohen më saktë kriteret rreth përzgjedhjes së koordinatorit për barazi gjinore, kapaciteti i komunës. Koordinatori duhet të ketë një vend të sistemuar në institucion ku do të kryejë vetëm detyrën në fushën e barazisë gjinore. Në MPB dhe në MPJ nuk ka zyrtarë administrativë por zyrtarë publikë, në mënyrë që të rregullohet sistemimi i |

| | |
|---|---|
| начин ќе се регулира систематизацијата за координатор за еднакви можности.<br>• Во однос на Советот за родова еднаквост да се определи надомест за членовите, да има претставници од министерствата.<br>- Информација за препораките од Извештајот за ревизија на успешност „ Ефективност на мерките на Владата на РСМ за родова еднаквост и соодветни родово буџетски инцијативи;<br>- Информација за АП за Резолуцијата 1325: Предизвици и резулатати | koordinatorit për mundësi të barabarta<br>• Në lidhje me Këshillin për Barazi Gjinore, të përcaktohet kompensimi për anëtarët, të ketë përfaqësues nga ministritë.<br>- Informacion mbi rekomandimet nga Raporti i Auditimit të Performancës, Efektiviteti i masave të Qeverisë së RMV për barazi gjinore dhe iniciativat e duhura buxhetore gjinore;<br>- Informacion PN mbi Rezolutën 1325:<br>Sfidat dhe Rezultatet |
| Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е носител и координатор за изработката и имплементацијата на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020-2025)-стратегиска рамка.<br>Земајќи го предвид фактот дека во текот на извештајниот период (2021 година) на сила беа превентивни и рестриктивни произлезени од состојбата со пандемијата со вирусот КОВИД-19, истите имаа непосредно влијание на одржување на динамиката за спроведување на детерминираните активности во оперативните планови од институциите, односно постигнување на предвидените резултати по | Ministria e Mbrojtjes e Republikës së Maqedonisë së Veriut është bartëse dhe koordinatore për zhvillimin dhe zbatimin e Planit të dytë Nacional të Veprimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për zbatimin e Rezolutës 1325 të OKB-së “Gratë, Paqja dhe Siguria” (2020-2025)-korniza strategjike.<br>Duke marrë parasysh faktin se gjatë periudhës raportuese (2021) ka pasur në fuqi masa parandaluese dhe kufizuese si rezultat i situatës me pandeminë me virusin COVID-19, ato kanë ndikuar drejtpërdrejt në ruajtjen e dinamikës për zbatimin e aktiviteteve të përcaktuara në planet operacionale të institucioneve, pra arritjen e rezultateve të parashikuara sipas synimeve strategjike në PAN të dytë; Në të njëjtën kohë, institucionet, në |

| | |
|---|---|
| стратегиските цели во Вториот НАП; Воедно, институциите согласно своите надлежности и расположливи капацитети, беа дополнително ангажирани и активно вклучени во справување со мерките за заштита од пандемијата со вирусот КОВИД-19, како и пожарите што се случиа во текот на летните месеци;<br>-Неопходност од зајакнување на капацитетите на членовите од РГ на КМиЕ, како и на номинираните лица од секоја институција задолжени за координација, мониторинг и евалуација на Вториот НАП; | përputhje me kompetencat dhe kapacitetet e tyre, u angazhuan dhe u angazhuan në mënyrë aktive në trajtimin e masave për mbrojtjen nga pandemia me virusin COVID-19, si dhe zjarret që ndodhën gjatë muajve të verës;<br>- Nevoja për forcimin e kapaciteteve të anëtarëve të GP të KMiE-së, si dhe të personave të emëruar nga çdo institucion përgjegjës për koordinimin, monitorimin dhe vlerësimin e PAN-së së Dytë; |
| -Подобрување на меѓуресорска координација за понатамошно заедничко планирање на ресурси и активности која би била во насока на постигнување на резултати согласно стратешките цели од оперативните планови. | -Përmirësimi i koordinimit ndërinstitucional për planifikimin e mëtejshëm të përbashkët të burimeve dhe aktiviteteve që do të ishin në drejtim të arritjes së rezultateve në përputhje me qëllimet strategjike të planeve operative. |
| -Со цел поефикасно постигнување на резултатите од оперативните планови, секоја институција во својот домен да ја почитува предвидената динамика за имплементација на Вториот НАП; | - Për të arritur në mënyrë më efikase rezultatet e planeve operacionale, çdo institucion në domenin e tij duhet të respektojë dinamikën e parashikuar për zbatimin e PAN-së së Dytë; |
| -Подобрување на комуникацијата и соработката на номинираните лица од институциите со РГ на КМиЕ; | -Përmirësimi i komunikimit dhe bashkëpunimit të personave të emëruar nga institucionet me GP të KMiE; |
| -Институциите да овозможат континуитет на работата на номинираните лица, но воедно и зајакнување на нивните компетенции во оваа област; | - Institucionet duhet të mundësojnë vazhdimësinë e punës së personave të emëruar, por edhe forcimin e kompetencave të tyre në këtë fushë; |
| -Во наредните извештаи институциите да ги прикажуваат спроведените активности изразувајќи | -Në raportet pasuese, institucionet duhet të paraqesin aktivitetet e realizuara, duke i shprehur ato përmes rezultateve të arritura, duke marrë në konsideratë treguesit e matshmërisë |

| | |
|---|---|
| ги преку постигнати резултати, а при тоа земјаќи ги во предвид индикаторите за мерливост и финансиските импликации (сопствен буџет и/или донации) со цел да се обезбеди подетален годишен извештај, вклучувајќи ги сите елементи во функција на транспарентност и отчетност.<br>-Информација околу активностите за родово родово буџетските инцијативи за 2021. Обврска на буџетските корисници е избор на соодветна програма за родова анализа и развивање на релевантни родови индикатори на излезно ниво за следење на влијанието на програмите врз мажите и жените, а со цел вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање на политики и буџетирање. За 2021 година 13 буџетски корисници доставиле пополнет Образец за родово буџетски инцијативи. Како **заклучок** од оваа точка произлезе: се задолжува МТСП – Сектор за еднакви можности, до сите министерства да достави допис со кој ќе се потсети на обврска која произлегува страна на Министерството за финансии за пополнување на буџетските циркулари најдоцна до 1 –ви Септември 2022 година, на задолжителната обврска на министерствата да ги планираат своите буџети родово одговорно. | dhe implikimet financiare (buxhetin e vet dhe/ose donacionet) për të siguruar një raport vjetor më të detajuar, duke përfshirë të gjithë elementët në funksion të transparencës dhe llogaridhënies.<br>-Informacion për aktivitetet e iniciativave buxhetore gjinore për vitin 2021. Detyrimi i përdoruesve të buxhetit është zgjedhja e një programi të përshtatshëm për analizën gjinore dhe zhvillimi i treguesve përkatës gjinorë në nivel outputi për të monitoruar ndikimin e programeve tek burrat dhe gratë, me qëllim përfshirjen e perspektivës gjinore në procesin e planifikimit dhe buxhetimit të politikave. Për vitin 2021, 13 përdorues buxhetor kanë dorëzuar formularin e plotësuar për iniciativat buxhetore gjinore. Si përfundim nga kjo pikë, kërkohet nga MPPS – Departamenti për Mundësi të Barabarta që t'i dërgojë një shkresë të gjitha ministrive, duke i kujtuar detyrimin që buron nga Ministria e Financave për plotësimin e qarkoreve buxhetore jo më vonë se 1 shtator 2022, të detyrimit të detyrueshëm të ministrive për të planifikuar buxhetet e tyre në mënyrë të përgjegjshme gjinore. |

| | |
|---|---|
| 3. Активности на Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите | 3. Aktivitetet e Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat |
| Членовите на интер ресорската група во текот на периодот на известување присуствуваа и учествуваа на работилници, дебати и други значајни настани поврзани со еднаквите можности на жените и мажите.<br>Членовите на Интер ресорската група учествуваа во развивање на родово буџетските иницијативи на селектираните програми на нивните министерства. Исто така, учествуваа и на обуките кои ги организираше МТСП со цел да се зајакнат капацитетите на државната управа во однос на вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming), што претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политиките – притоа, имајќи го во предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.<br>Согласно Одлуки на Владата на Република Северна Македонија бр.44-4277/1 на 15.08.2017, бр. 44- | Gjatë periudhës raportuese, anëtarët e grupit ndër-sektorial morën pjesë dhe në seminare, debate dhe ngjarje të tjera të rëndësishme lidhur me mundësitë e barabarta për gratë dhe burrat.<br>Anëtarët e Grupit Ndër-sektorial morën pjesë në zhvillimin e nismave buxhetore gjinore të programeve të përzgjedhura të ministrive të tyre. Ata morën pjesë edhe në trajnimet e organizuara nga MPPS me qëllim forcimin e kapaciteteve të administratës shtetërore për përfshirjen e barazisë gjinore në rrjedhat kryesore, politikat dhe praktikat (Gender mainstreaming), që përfaqëson integrimin e perspektivës gjinore në çdo fazë të procesit të ndërtimit, miratimit, zbatimit, monitorimit dhe vlerësimit të barazisë midis grave dhe mbajtjes së politikave të barabarta.<br><br>Në bazë të vendimeve të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 44-4277/1, datë 15.08.2017, nr. 44-2844/1 datë 27.03.0218 dhe nr. 45-5955/1 datë 20.08.2019 dhe Aktvendimeve për emërimin e anëtarëve të Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe këshillimor nr. 44-4277/2 datë 20.08.2019. 44-2844/2 |

2844/1 од 27.03.0218 и бр.45-5955/1 од 20.08.2019 година и Решенија за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 од 20.08.2017, бр.44-2844/2 од 27.03.2018, бр.45-5955/2 од 20.08.2019, бр.40-538/1 од 11.05.2021 и 41-6571/1 од 20.09.2022 година, за координатор и членови на интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите се именуваат од:

- Министерството за труд и социјална политика м-р Габриела Маџоска – координатор;
- Министерство за труд и социјална политика- Јасмина Иванова- член;
- Министерството за финансии Кети Велкова -член;
- Министерството за внатрешни работи Владанка Шиндева -член;
- Министерството за правда Тања Кикерекова -член;
- Министерството за здравство Нермина Факовиќ- член;
- Министерството за економија Фатмире Хоџа, член;
- Министерството за образование и наука Анастасија Трајковска ;
- Министерството за одбрана Виолета Куновска-член;
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Славица Михајловска-член;
- Министерството за информатичко општество и администрација – Орхидеја Ѓорговска -член;
- Кабинет на заменикот на

datë 27.03.2018 dhe nr. 45-5955/2 të datës 20.08.2019 dhe nr. 40-538/1 të datës 11.05.2021, për koordinator dhe anëtarë të Grupit Ndër-Resorial Konsultativ dhe Këshillimor për Mundësi të Barabarta për Gratë dhe Burrat emërohen nga:

- Ministria e Punës dhe Politikës Sociale – mr. Gabriela Maxhoska – koordinatore;
- **Ministria e Punës dhe Politikë Sociale – Jasmina Ivanova – anëtare;**
- Ministria e Financave – Keti Vellkova – anëtare;
- Ministria e Punëve të Brendshme – Vlladanka Shindeva – anëtare;
- Ministria e Drejtësisë – Tanja Kikerova – anëtare;
- Ministria e Shëndetësisë – Nermina Fakoviq – anëtare;
- Ministria e Ekonomisë – Fatmire Hoxha – anëtare;
- Ministria e Arsimit dhe Shkencës – Anastasija Trajkovska;
- Ministria e Mbrojtjes – Violeta Kunovska – anëtare;
- Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave – Sllavica Mihajllovska – anëtare;
- Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës –Orhideja Gorgoska– anëtare;
- Kabineti i zv/kryetarit të Qeverisë, ngarkuar me çështje ekonomike dhe për koordinim me resorët e ekonomisë – Marina Uzunov – anëtare;

| | |
|---|---|
| претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори Марина Узунов – член<br>- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија Сузана Никодијевиќ Филиповска-член;<br>- Организацијата на работодавачи на Македонија Анета Петровска Русомароски-член;<br>- Бизнис Конфедерацијата на Македонија Јорданка Богатиновска-член;<br>- Унијатата на независни и автономни синдикати на Македонија Дивна Змејковска-член<br>- Сојузот на синдикатите на Македонија Елизабета Гелевска-член;<br>- Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија Даниела Јаневска-член;<br>- Заедницата на единиците на локалната самоуправа Ирена Николов-член;<br>- Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" Драгана Дрндаревска –член;<br>- Македонското женско лоби-Даниела Димитриевска – член ;<br>- Платформата за родова еднаквост Марија Савовска-член;<br>- Експерт за родова еднаквост Неда Малеска Сачмароска.<br>- Експерт за родова еднаквост Мирјана Најчевска;<br>- Експерт за родова еднаквост Ленче Алексовска Величковска | - Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë – Suzana Nikodijeviq Filipovska – anëtare;<br>- Organizata e Punëdhënësve të Maqedonisë – Aneta Petrovska Rusomaroski – anëtare;<br>- Konfederata e Biznesit të Maqedonisë – Jordanka Bogatinovska – anëtare;<br>- Unioni i Sindikatave të Pavarura dhe Autonome të Maqedonisë – Divna Zmejkovska – anëtare;<br>- Lidhja e Sindikatave të Maqedonisë – Elizabeta Gelevska – anëtare;<br>- Konfederata e Sindikatave të Pavarura të Maqedonisë – Daniela Janevska – anëtare;<br>- Bashkësia e Njësive të Vetëqeverisjes Lokale – Irena Nikollov – anëtare;<br>- Koalicioni "Të drejtat seksuale dhe shëndetësore të bashkësive të margjinalizuara" – Dragana Dërndarevska – anëtare;<br>- Lobi Maqedonas i Grave – Daniela Dimitrievska – anëtare;<br>- Ekspertja e Barazisë Gjinore Neda Maleska Saçmaroska<br>- Ekspertja e Barazisë Gjinore – Mirjana Najçevska<br>- Ekspertja e Barazisë Gjinore – Lençe Aleksovska Veliçkovska. |